## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Шестото продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 јули 2007 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Слободан Најдовски, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Али Ахмети, Радмила Шекеринска, Владо Бучковски, Иван Анастасовски, Фијат Цаноски Данаил Дончев, Фазли Велиу, Валентина Божиновска, Благој Зашов, Јагнула Куновска, Тито Петковски, Ацо Киров, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да ги заземете местата и да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Од 67 запишани пратеници очигледно во салата има многу помалку од тоа, ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Во салата се присутни само 36 пратеника.

Господинот Есад Рахиќ нестрпливо бара процедурално, повелете.

**Есад Рахиќ:** Ви се обраќам почитуван потпретседателе Вам и на дел од колегите кои што сме тука. Без оглед сите ние сме во работен постојан однос во Собранието на Република Македонија. Дали вие или некој од вас може да ми одговори зошто дел од пратениците особено лидерите на политичките партии перманентно се отсатни и оправдано се отсатни, што работат некаде на нива, со земјоделците, градат куќа, ѕидаат, не знам што прават. Ако граѓаните на Република Македонија мораат секој ден оние што се вработени што имаат среќа да бидат вработени во 8 часот или 7 од кога им почнува работното време мора да бидат на своето работно место, мене ме чуди зошто најголемиот дел и координатори на пратенички групи зошто не се на своето работно место. Нека бидат 5-6 луѓе 10 ама не може перманентно по 20 - 30 луѓе. Некој од нив имаат, еве и надвор се од државата во Советот на Европа и слично. Но најголем дел од пратеници кажуваат дека се отсатни и оправдано. Никој тоа не го проверува зошто. Мислам некоректно е према сите оние граѓани кои што гласале за нас некоректно и према оние што живеат 5 месеци во онаа дива населба пред Собранието на Република Македонија, не коректно е према сите граѓани на Република Македонија. Ви благодарам и барам од вас да ни кажете еднаш да објасните по кој принцип едни исти пратеници се перманентно отсатни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Јас само можам да ве упатам господине Рахиќ да се обратите до секретарот на Собранието, по можност на писмен начин, бидејќи тој е човекот одговорен за евиденцијата и за начинот на кој се оправдуваат пратениците. Јас за жал не можам да ви дадам одговор на ова прашање така да најубаво би било ако вие се обратите писмено до секретарот и тој ќе ви наложи листа на отсутност, на начин на отсутност и зошто се прифатила нивната отсатност и мислам дека така најубаво ќе добиете одговор на вашата дилема.

Господинот Рахиќ ве молам, повелете.

**Есад Рахиќ:** Сакам да ви кажам дека тоа ќе го направам, меѓутоа инсистирам од вас како потпретседател на Собранието да и вие бидете коректни на тој дел и да добијам вистински одговор, затоа што ви реков ако 5-6 лидери на политички партии перманентно не се тука еден добар дел и другите луѓе кои што не доаѓаат во последниов период треба да објаснат зошто навистина не се тука. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и вам.

Еве секретарот е тука, покрај мене, и најверојатно ќе се обиде што поконкретно и што пофер одговор да ви даде на ова ваше поставено прашање.

Почитувни колеги, бидејќи во салата нема доволен број на пратеници за работа поради тоа што има неколку вон седнични активности, јас ќе објавам пауза до 15,00 часот. Ви благодарам.

(Пауза од 14,21 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,21 часот)

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да продолжиме со работа.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Би замолил да почекаме уште десетина минути додека се вратат пратениците од работата на работните тела.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата)

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

**Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон.**

Претресот по текстот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Законот за изменување на Законот за комуналните такси.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 57 пратеници, од кои 47 гласале за, воздржани нема и 10 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 62 пратеника, гласале 56 пратеници од кои 47 за, 1 воздржан и 8 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1 за додавање нов член 4 по членот 3 и за пренумерација на членовите 4 и 5 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратениците Никола Поповски, Ацо Киров и Верица Филиповска поднесоа амандман за менување на член 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 3 поднесен од пратениците Никола Поповски, Ацо Киров и Верица Филиповска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседателе.

Навистина оваа седница и оваа точка прилично се оддолжи, а проблеми постојат на теренот со неплатени сметки, исто така односите помеѓу единиците на локалната самоуправа и Електростопанство на Македонија, ЕВН не се до крај регулирани оваа уредно односно и овој закон за комунални такси ќе придонесе за тоа.

Во насока на усвојување на овие изменувања и дополнувања во Законот за комунални такси јас би предложил ако можеме да најдеме едно компромисно решение со предлагачот на амандманот во следната смисла.

Во членот 20, тарифен број 10, ставот 1 кој се менува да гласи како што бара предлагачот во амандманот "за домаќинствата да остане истиот износ од 15 киловат часови електрична енергија;

- за корисници кои што користат напон од 0,4 кв, тоа се објекти на трговски друштва и занаетчии, предлагачите на амандманот предлагаат да биде 20 киловат часови, сметаме дека тоа е малку, предлогот е 25 киловат часови;

- со зголемувањето на моќноста за 10 киловат часови предлагачот на амандманот предлага 25 киловатчасови, а нашиот предлог е 30 киловатчасови;

- 35 киловат часови да биде 40 киловат часови, а напонот од 110 кило волти да биде 50 киловат часови ".

Сето ова го правиме во интерес на единиците на локалната самоуправа кои што имаат проблеми со надоместување на трошоците за улично осветлување и тоа не само во моментов. Оваа мерка треба да им овозможи натамошен развој односно подобрување на уличното осветлување на овие корисници. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министер.

Молам некој од предлагачите да се произнесе дали се согласува амандманот да биде прифатен на видоизменет начин.

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Со оглед дека сме предлагачи поголем број на пратеници во консултациите сега што ги направивме за жал не можеме да постигнеме согласност да се согласат сите предлагачи со амандманот, така што амандманот не може да се повлече бидејќи не се согласуваме сите што се потпишани на ова така да кажам меѓу решение. Значи, не можеме да го повлечеме амандманот.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Тогаш амандманот не се прифаќа.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

Се извинувам грешка било.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот...

(Пратеникот Верица Филиповска бара збор)

Се извинувам јас не видов, има збор Верица Филиповска, повелете.

**Верица Филиповска:** Благодарам.

Почитуван господин потпретседател, почитуван господин министер и колеги пратеници,

Јас би сакала да образложам во што се состоеше овој амандман.

Како што кажавме во расправата во текот на вчерашниот ден дополнувањата и изменувањата на Законот за комунални такси предвидуваат висината на надоместокот по броило за

комунална такса, или за уличното осветлување да биде променета односно наместо досегашните 15 киловат часови од цената на електричната енергија за сите броила да биде зголемен бројот на киловат часовите, така да домаќинствата категоријата 0,4 кило волти да плаќаат по 25 киловат часови. Објектите на трговски друштва и занаетчиите од 0,4 кило волти да плаќаат по 50 киловат часови.

Десет киловолтните потрошувачи по 100 кило ват часови, 45 кило волтните по 150 киловат часови и 110 киловолтните потрошувачи по 300 киловат часови.

Ова што го читав досега е членот 3 од ново предложеното дополнување на Законот за комунални такси.

Во амандманот поднесен од пратеничката група на СДСМ, група пратеници на СДСМ бараме домаќинствата односно 0,4 киловолтните потрошувачи да останат на досегашната цена за плаќање, по 15 киловат часови, а останатите односно објектите и трговските друштва и занаетчии од 0,4 киловолти да плаќаат помалку отколку новиот закон, по 20 киловат часови, 10 киловолтните потрошувачи да плаќаат 25 киловат часови, 35 киловолтните по 30 киловат часови и 110 киловолтните потрошувачи по 35 киловат час.

Мене ми е жал што во текот на вчерашната дискусија и расправа не беше присутен министерот, господин Трајко Славески, кој е денес присутен овде бидејќи нашата расправа се темелеше на барањето на анализа односно пресметки на кој начин дошла Владата до податокот токму овие бројки да ги донесе односно законот да се промени на овој начин.

Заради појаснување, домаќинствата кои ги има во најголем број од вкупно цирка 600 илјади потрошувачи во Република Македонија на електрична енергија односно по 6 илјади броила домаќинствата досега плаќаа по 53 денари, на сметка на белешка.

Со ново променетиот закон секое домаќинство ќе плаќа по 90 и нешто денари по сметка, по белешка, од сегашната цена на електрична енергија.

Доколку цената на електричната енергија биде променета, а според сегашните сознанија најверојатно наесен ќе имаме нова цена на струјата, таа цена и досега ќе беше променета доколку не се случеа настаните во МЕПСО, во ЕЛЕМ, спонзорството на генералниот директор Чинговски од 500 илјади евра и потоа вадењето на цела Влада и оправдувањето зошто човекот потрошил за 5 месеци 500 илјади евра сепак ќе го повлече барањето за промена на цената на електрична енергија или на струјата. Значи, доколку се промени цената на струјата, граѓаните ќе плаќаат повеќе, веројатно 100 денари по белешка за надомест за улично осветлување.

Во сегашната политика на оваа Влада за намалување на даноците и на таксите чудно е и недозволиво е покачувањето на оваа давачка. Недозволиво е покачувањето на оваа давачка бидејќи нашата Влада не успеа да приложи да знаеме колку има сознанија како се покриваат сметките, фактурите на локалните самоуправи за јавното осветлување, дали средствата собрани, доколку степенот на наплата е адекватен од степенот за наплата знаеме дека е голем 90 до 100%, во кој процент сегашните средства стасуваат за покривање на сметките.

Од некоја груба математика која успеав да ја направам со сегашните 53 денари вкупните фактури за Република Македонија изнесуваат околу 32 милиони и 100 илјади денари.

Средства се собираат 30% повеќе со сегашната цена господин министер. Со новото покачување ќе се добие уште поголема разлика во цена, уште повеќе средста ќе се собираат. Тоа се средства кои би требало да се трошат домаќински од страна на локалните самоуправи, а тоа се средства кои што треба да се трошат не само за надоместокот за електричната енергија, туку и за тековното одржување на уличното осветлување, но сепак нема никаков резон и нема никаква потреба од предлагањето на овие цени.

Можеби случувањата со градот Скопје на граѓаните на Република Македонија ќе им појаснат, или ќе одат во корист на тоа дека треба промена на овој закон поради заостанатиот долг од 2 милиони евра во Скопје, но долгот на градот Скопје е настанат поради несоодветната поделба на средствата помеѓу општините и градот Скопје. И досега се собираа најголеми средства за улично осветлување поради големата концентрација на броила, поради градба на згради по 40, 50 и 60 станови. Значи, таму средствата беа и досега повеќе од доволни.

Поради недомаќинското работење на скопските општини, поради непрефрлувањето на средства на градот Скопје настана овој проблем. Ова е решлив проблем, ако не беше се фингирано заради новиот закон.

Впрочем и во вчерашната дискусија кажавме дека амандманот на Владата во кој предлага распределба на средствата по проценти меѓу градот Скопје и скопските општини, СДСМ го прифаќа и му дава подршка. Меѓутоа, висината на идниот надомест од секое домаќинство за комунална такса дуплирањето на износот на средствата кои ќе се плаќаат со белешката за електрична енергија многу го критикувавме и со овој амандман сакаме да го подобриме. Значи, ние сме, уште еднаш ќе повторам, за останување на досегашното законско решение односно домаќинствата и понатаму да плаќаат по иста цена по 53 денари по 15 киловат часови по броило.

Би сакала уште да кажам дека можеби на владеачкото мнозинство да му се чини дека не е битна вредноста дали ќе плаќа секое домаќинство 50 или 100 денари за електрична енергија за јавното осветлување, меѓутоа има наши луѓе, има домакинства во Република Македонија на кои овие 50 денари многу им значат. Има домаќинства во Република

Македонија чија сметка за електрична енергија е само малку поголема од износот на надоместокот за комунална такса. Има домаќинства кои ќе го осетат ова покачување, а тоа е за жал најсиромашниот слој од нашиот народ, тоа е за жал делот кој и така тешко крпи крај со крај.

Почитувани колеги пратеници од владеачкото мнозинство, апелирам да го прифатите односно да дадете согласност за амандманот од група пратеници од СДСМ, поради македонскиот народ, поради домаќинствата чиј надомест за улично осветлување, чија комунална такса со овој закон ќе се зголеми.

Уште еднаш би сакала да потсетам дека вчера имавме неколку закони на дневен ред, со кои даноците се зголемуваа спортивно од предизборната кампања на ВМРО-ДПМНЕ, спротивно од ветувањата во нивната програма за 100 чекори. Истото го ветувавме, впрочем и СДСМ дека ако ја добиеме довербата на народот даноците ќе ги намалиме, а од ден на ден имаме зголемување на даноците. Вчера имавме зголемување на административните такси. Вчера имавме на дневен ред законско решение со кое беше зголемен данокот на имот и ова беше третата точка зголемување на комуналната такса односно издвојувањата на домаќинствата. Имаше интересни дискусии овде во кои колегите направиле калкулација колку повеќе средства месечно или годишно ќе се собираат поради ова несреќно законско решение и сето тоа ќе оди од џебот на македонскиот народ, сето тоа ќе оди на грбот на нашите граѓани.

Апелирам да го прифатите нашиот амандман како би останале истите средства и понатаму. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филипова.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За амандманот гласаа 60 пратеници, од нив 13 гласаа за, воздржани немаше, против гласаа 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 16 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги повикувам службите да ни доставаат точен број на присутни пратеници во салата.

Во присуство на 64 пратеници, гласаа 57 пратеници, од нив 47 гласаа за, воздржани немаше, против гласаа 10 пратеници.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

(Девет пратеници)

Кој е против, молам да крене рака?

(Еден пратеник)

Дали има некој воздржан?

(Нема)

Констатирам дека во присуство на 15 пратеници кои не припаѓаат на мнозинската заедница гласаа 10, од нив 9 гласаа за, еден гласаше воздржано.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси.

**Минуваме на точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правна комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии.

Повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседател.

Сакам само накратко да ги запознам почитуваните членови на македонскиот парламетн со мотивите зошто се вршат овие измени и дополнувања на законот.

Претходно само да напомнам дека Владата на Република Македонија, овие измени и дополни ги достави на консултации и мислење до Европската комисија и од таму е добиено позитивно мислење за ова што се предлага со овие изменувања и дополнувања.

Имено, целта е да се воведе поголема ефикасност во системот на јавни набавки во оваа фаза во Република Македонија.

Главна причина за предлагање на измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки лежи во потребата во воведување на една нова форма на извршување на јавните набавки, а тоа се електронските аукции. Тоа е посебен начин на спроведување на постапките за јавни набавки. Со ова се очекува да се остварат заштеди, да се зголеми ефикасната и економичноста во постапките за јавни набавки. Имено, електронските аукции се користат во повеќето

земји - членки на Европската унија и досегашните искуства од нивната примена се исклучително позитивни. Овие искуства веќе се користат или оваа форма, овој механизам на електронски аукции се користи во новите земји членки на Европската унија, како што се Бугарија и Романија. Кај електронските аукции се обезбедува директна конкуренција, каде што понудувачите меѓусебно во намалување на понудените цени учествуваат и во секој момент можат да бидат дали нивната понудена цена е најконкурентна.

Понатаму, со предложените измени се брише исклучокот од примена на законот кај мобилната телефонија. Веројатно, тоа може да се насети, да се претпостави дека постојниот закон во досегашната практика не се применуваше за набавки на услуги за говорната телефонија од причина што во моментот на неговото изготвување не постоеше конкуренција во оваа област. Во меѓувреме, во мобилната телефонија се разви реална конкуренција и таа ќе се развива и понатаму и нема никаква причина од изземање на услугите за мобилна телефонија од опфатот на законот, особено поради фактот што е избран веќе и третиот мобилен оператор, а Владата на Република Македонија размислува и за натамошно ширење на конкуренцијата во оваа област.

Понатаму, со предлогот за измени и дополнувања на Законот за јавните набавки, се предлага и значително олеснување на постапките за јавни набавки со воведување на повисоки вредносни прагови за редовните постапки, како и пократки рокови за оние постапки со пониска проценета вредност од предвидената. Од досегашната примена на законот за јавни набавки произлезе дека долгите рокови за спроведување на редовните постапки, кои во меѓународната практика се предвидена за големи набавки, се непропорционални за сите набавки над 3 илјади евра во денарска противвредност кои се пропишани според постојниот закон. Со овие измени и дополни се предлага подигање на вредносниот праг за набавката на мала вредност од 3 илјади на 5 илјади евра во денарска противввредност. Секако, набавките до 5 илјади евра не се без процедура и таа останува истата од постојниот закон. Само да потсетам, ќе треба оној што ја врши јавната набавка да прибави најмалку три понуди од различни понудувачи во определен временски период и на тој начин да го изврши изборот за оваа набавка од мала вредност. Набавувачот е ограничен во примена на набавките од мала вредност со тоа што не смее да спроведува набавки од мала вредност од ист вид или група повеќе пати во текот годината.

Исто така со Предлогот на законот се предвидуваат општи правила за постапката со преговарање и се предлага да се избрише претходната согласност за постапката со преговарање без претходно објавување на јавен оглас од причини што ваквото решение не е добра меѓународна практика, каде одговорноста за спроведување на постапката со преговарање се лоцира исклучиво кај набавувачите.

Досегашното решение произведе негативни ефекти, бидејќи Бирото за јавни набавки не може да има целосен увид во сите околности и факти кои се во прилог на извршување на предметната набавка по пат на постапка со преговарање.

Досегашното решение со издавање на претходна согласност од страна на Бирото за јавни набавки, од страна на Европската комисија е оценето како непотребно бирократизирање на постапката.

Имено, мислењето на Комисијата и на меѓународните експерти е дека одговорноста за правилна примена на постапката со преговарање и трошењето на јавните средства, треба да биде на самиот набавувач и оној што ја спроведува јавната набавка.

Би требало да се напомене дека праксата на претходно одобрување на постапките со преговарање веќе е напуштена и во земјите во регионот.

За примена на одредбите од Законот, а во тој контекст и на постапката со преговарање, набавувачите и понатаму ќе можат да бараат мислење од Бирото за јавни набавки за оправданоста и исполнување на условите за постапката со преговарање.

Со усвојувањето, почитувани пратеници, на Предлогот за измени и дополнувања на Законот за јавни набавки, се овозможува целосна операционализација на решенијата содржани во Законот за прекршоци. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодрам господин министер.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе,

Мојата забелешка е процедурална, а потоа ќе се јавам за збор.

Бидејќи, во понеделник имаме седница на Собранието каде што имаме закон за јавни набавки кој што е и пообемен и посложен, кој што вклучува дел од овие предлози што ги има денес, претпоставувавме денес министерот ќе го повлече денешниот законски проект, затоа што ако се усвои денес законот, нема да има ни осум дена во службен весник поминато, а може да се случи во понеделник да го усвоиме.

Бидејќи, министерот даде елаборација која што сакме да ја разгледаме, барам половина или еден час пауза да го добиеме стенограмот и потоа да се произнесеме по неговото излагање.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Почитуван потпретседателе,

Побаран е стенограмот од излагањето, но добро јас само да дадам едно објаснување дека новиот закон за јавни набавки кој што е веќе во собраниска процедура, врз одредбите на тој закон треба да се применува од први јануари 2008

година. Навистина, ние имаме еден период кој што според овие измени и дополни ќе биде пополнет со современи решенија со цел олеснување на процедурите околу јавните набавки во воведувањето на електронските аукции. Тоа беше основната причина зошто имаме ваква ситуација.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Во тој случај по барање на пратеничката група на СДСМ предлагам пауза од половина час и тоа до 16,30 часот. Благодарам.

Продолжуваме со работа по 15-та точка од дневниот ред.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, почитувани колешки и колеги кои се овде присутни во салата.

Ова е уште еден законски проект кој е стигнат од Владата, кој го користи знаменцето како алиби за измените што сака да ги направи. Тоа е едната тактика што ни е добро позната на сите.

Втората тактика под превезот на одредена измена што сакаме да ја направиме, како што е во овој случај електронските аукции, се вметнуваат и некои други точки и други прашања кои служат за потребите на ВМРО-ДПМНЕ во реализација или во враќањето на долговите кон своите финансиери на изборната кампања.

Имено, јавните набавки секогаш биле под строг мониторинг на различни меѓународни организации домашни и невладини организации и секогаш претставувале еден тест колку една влада реално сака да се справи со овој проблем. Се разбира прикриено, во зависност од тоа колку простор може да најдете во медиумите од прескапите огласи и кампањи на Владата, сепак и оваа Влада за година дена не успеа да остане имуна на неправилностите во рамките на законот за јавни набавки. Тоа е едната страна.

Втората страна, оваа Влада воведе пракса или начин на реализација на јавните набавки кои веројатно ќе остане забележано како Гинисов рекорд или како една тактика која можеби ќе можат да ја учат многу луѓе кои сакаат да стигнат побрзо до некои збогатувања.

Имено, оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ воведе една пракса јавните набавки и сите тендери да завршуваат на ист начин. Тоа се случи со 11 тендери од вкупно 14 распишани за Самитот во Охрид. Се распишува тендер за јавна набавка кој трае 52 дена, тој не се реализира, потоа се оди на тендер со забрзана постапка и на крај по поништувањето на решението на Комисијата за жалби се оди со избор на најповолен понудувач кога со три, кога без ич понуди.

Го имам тука решението на Комисијата за жалби по јавни набавки на Владата на Република Македонија за бесплатниот интернет, наводно, кој нормално не може да биде бесплатен, каде со решение за најповолен понудувач биле избрани Македонски Телекомуникации која својот ексклузивитет за користење или за нудење на услуги во оваа сфера го доби со потпис на господинот Груевски како втор министер за финансии во периодот 1998-2002 година и потоа на жалба на другите учесници во набавката Комисијата го поништува решението, но со препорака по членот 96 став 2 од Законот за јавни набавки се направи нов избор каде останатите конкуренти не доставиле понуда, туку повторно е избрана Македонски Телекомуникации за најповолен понудувач. Вака се завршени многу јавни набавки во Република Македонија. Така се заврши изборот на возила за Самитот во Охрид, на ист начин заврши изборот на Компанијата што го обезбеди озвучувањето на Самитот, така заврши јавната набавка што се однесуваше на луѓето кои ги обезбедија останатите електронски уреди и 11 од 14 завршија на ист начин.Само една долга процедура додека не се дојде до оној кој сакаме да ја добие јавната набавка.

Затоа реков под закрила на знаменцето кое не е точно, под закрила на електронската аукција овој Предлог на закон што го имаме кој, ако се усвои денеска, реков процедурално, ќе влезе во Службен весник после седум дена, а во понеделник ќе дискутираме за некој нов закон за јавни набавки кој ја дефинира електронската аукција и подобро и во самата дефиниција во воведниот дел, а и ја операционализира. Но, тоа е тактика што оваа Влада или ВМРО-ДПМНЕ се реши да ја направи за понеделник да може да има еден хаос од две седници само за да се зголеми хаосот во Собранието.

Сега, од една страна се поставуваат електронските аукции, тоа министерот го образложи дека е најбитно, но има три битни елементи кои се содржат во законот, кои фрлаат сомнеж на она што сака Владата да го направи. Тоа е непосредната спогодба се зголемува од три на пет илјади евра, се скратуваат роковите да се тигне до некое решение и се зголемуваат и се намалуваат ингеренциите на Бирото. Тоа велиме дека е заради Европа.

Македонија, откако стана земја кандидат, работи врз база на усвојување на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија. Тука оваа Програма што ја дефинираат заедно Владата на Република Македонија и претставниците на Европската комисија е документ по кој треба да се движиме. Во краткорочните приоритети во законодавството поврзано со јавните набавки укажувањата на Европската Унија се интегрирање на правилата за концесии во системот за јавни набавки или зајакнување, обука на кадар, зајакнување на капацитетот на Бирото за јавни набавки.

Во предложените измени на законот ниту тоа го има, бидејќи неколку ингеренции што Бирото ги има им се одземаат во член 1 се бара одобрување од Владата наместо од Бирото и во член 13, ако се однесува на членот 84 во досегашната пракса требало претходно да се обезбеди согласност од Бирото, а сега Владата си ја зема таа ингеренција. Препораките на

Европската Унија не се во тој правец. Препораките на Европската Унија се во зајакнување на капацитетот на Бирото да се направи што понезависно со што помалку влијание од политиката. За жал, Владата си презема некои ингеренции кои во ниту една директива ги има, туку сака апсолутно да направи еден затворен систем во кој таа за се во оваа Република Македонија ќе одлучува.

Ние можеме да кажуваме дека сме добиле потврда за усогласеност од Европската Унија, но за електронската аукција, што се случува со другите точки кои ниту се приоритет во Програмата за усвојување на правото со Европската Унија, ниту во препораките што доаѓаат од Европската Унија.

За жал, со овие измени што се предлагаат, единствено ќе биде мотив повеќе или ќе се создадат услови, за жал, за неможност за справување со корупцијата во Република Македонија.

Покрај тоа што Владата сака послободно да го троши Буџетот се и интенциите на Владата да го прекине договорот со ММФ. Се додека имаме договор со ММФ некаде блиску во некоја соба до министерот постои систем кој контролира како течат парите или како се трошат парите од Буџетот. Министерот Груевски го воведе тој концепт да нема договор со ММФ уште како министер во 2002 година, бидејќи им требаше за потребите на кампањата на ВМРО-ДПМНЕ. Сега се наоѓаме во сосема слична ситуација. Значи, сакаме да влеземе во еден процес во кој никој не ќе знае како се трошат парите од граѓаните. Тоа го прашуваат граѓаните, но го прашуваат и оние кои го ценат патот на Македонија кон Европската Унија. Не за џабе европскиот претставник неговата екселенција Фуере ќе праша како и од каде и зошто се трошат и колку се тие, огромни средства од Буџетот на Република Македонија за разни кампањи, за разни промоции, за спотови а ла “Заства филм”, Журнали и ред други работи за кои никој не знае каде одат тие пари, како се трошат и колку се тие.

Ние чекаме од министерот Славески многу одговори. Веројатно тие ќе ги добиеме во некоја подруга сала каде ќе мора да одговара на некои прашања. Ни остана дилема зошто после претставката на СДСМ до Комисијата за спречување на корупцијата престана да се емитува спотот што самиот го режираше и го напиша сценариото спотот “добра фризура”. Министерот Славески не убедуваше дека е тој спот направен согласно Законот за јавни набавки, а престана да го емитува другиот ден откако ја дадовме претставката. Не убедуваше овде во Собранието дека спотот е добар, не убедуваше дека тој спот кошта 3000 евра и дека е направен со непосредна спогодба со Продукцијата 3Х, а добил огромни попусти за негово емитување по медиумите. Иако и тогаш зборувавме дека Државната ревизија укажува дека сериозните или големите попусти од медиумите кон политичките партии, за жал, не се во согласност со Законот и на тоа и СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ добија критики од Државниот завод за ревизија, што не значи дека ќе го амнестира министерот Славески во време и услови кога со оваа држава нема да владее Никола Груевски.

Тој спот престана да се емитува реков после претставката затоа што не е во согласност со Законот за јавни набавки, бидејќи е поскап од 3000 евра и затоа што по Законот за јавни набавки тој спот или таа набавка не е деллива, значи вие не можете да направите за исто нешто, а тоа е спотот за рекламирање на безготовинското плаќање и со непосредна спогодба и потоа да го дадете на некој од понудувачите кои потоа ќе конкурираат. Затоа веројатно многу проекти пропаднаа поврзани со тоа затоа што министерот Славески се позанимава со други работи одколку со режирање на спотови. Секако времето ќе покаже дали тие 180 илјади евра колку што беше објавено во медиумите дека кошта емитувањето во одредени телевизидки куќи, спотот ќе најде оправдување или ќе влезе во проекција од 3000 евра.

Законот што е денеска пред нас реков дека е контрадикторен со усогласувањето со европското законодавство, делумно е контрадикторен и со оној закно што ќе го гледаме во понеделник, не оддалечува, законот за јавни набавки е со висок приоритет во областа на стабилизација и асоцијација и не мислам дека некој ќе биде толку слеп за да премолчи под превезот на електронски аукции да ја оставиме целата работа да тече и понатаму со непосредни спогодби изгледа стана да бидат, условно кажано, љубени од страна на ВМРО-ДПМНЕ.

Сега можеме да набројуваме многу работи како одговор на пратеничко прашање добивме потврда од самата министерка за економија дека и ЕЛЕМ и МЕПСО имаат договор за непосредни спогодби што ги направиле надвор од Законот за јавни набавки и за осигурувањето и за адвокатските канцеларии кои ги застапуваат и ред други работи. Знаеме дека првата работа со која се судри претседателот на Собранието Љубиша Георгиевски беше критиката од експертот за телекомуникации во ВМРО-ДПМНЕ Зоран Трајчески кој веднаш побра по изборите да се распише тендер за мобилни телефони за користење на пратениците, бидејќи има повеќе од еден оператор во Македонија за да остане некаде да виси.

Затоа загрижува фактот што Владата не собра сили да ги реализира краткорочните и долгорочните и среднорочните приоритети кои се дадени со Програмата за усогласување на законодавството. Најголеми критики се добиваат за тоа што концесиите не се дел од системот на јавни набавки, поголемата инспекциска служба или воведувањето на инспекциската служба во јавните набавки, за жал, уште не е на тоа ниво каде треба да биде и сето тоа, реков и Бирото, без разлика што Владата усвоила заклучок со кој планира целосно екипирање на Бирото за јавни набавки, зајакнвување на капацитетот, посебен

институционален развој, нови вработувања, нови инспектори кои ги дефинирала самата Влада не се на агендата на оваа Влада, бидејќи Европската Унија или агендата на Европската Унија не се на агендата на Владата на ВМРО-ДПМНЕ.

Денеска ќе потрошиме време да донесеме некој закон кој ќе го измениме во понеделник кој единствено само ќе им овозможи на оние луѓе што помагале на ВМРО-ДПМНЕ во кампањата да им се возврати за се она што им пружиле во прес капата портокалова кампања што ја правеа за време на изборите во јуни и јули 2006 година.

Останува дилемата Комисијата за европски прашања како ги разгледала или како го оценила ова, дали во препораките кои доаѓаат во писмото за усогласеност се наведуваат само електронските аукции или овие зголемени непосредни спогодби што се прават, дали Комисијата за европски прашања има усогласеност со законот што е во понеделник каде ќе се остави право да има месечни непосредни спогодби до 500 евра кои годишно ќе стигнат до 6000 евра и тн.

За жал, оваа Влада не остана имуна на законот за јавни набавки, зеде да го третира на свој начин, го воведе принципот поништи редовен тендер, поништи по забрзана процедура за да можеш да го решиш со непосредна спогодба и на тој начин да се заработи одредени средства, како што можеби никој во овој момент не може да го докаже, но она што е видливо е дека ниту спотот, како што реков, добра фризура тече, да ве потсетам тој спот се појави пред завршувањето на отворениот повик иако тој завршуваше до 26 февруари, се појави на телевизиите околу 12-15 февруари, а по претставката веќе никаде не го гледаме. Но, тоа не значи дека некој за тоа нема да ја онесе одговорноста било политичка, било кривична, но за тоа кога ќе се создадат нормални услови во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Министерот за финансии се јави за реплика, повелете.

**Трајко Славески:** Повеќе прашања на кои може да се одговори со да, значи да позитивно е мислењето на Европската комисија и за едниот закон за измените и дополнувањата и за оној закон што ќе следи.

Овој закон, почитувани, ако ги погледнете роковниците кои вашата Влада требаше да ги почитува во изминатиот мандат, требаше да биде донесен некаде мај јуни 2006 година со големо задоцнување. Ние ги изготвивме овие измени во декември, чекавме определен временски период од Европската комисија, затоа што тие имаат и други обврски и на 18 мај започна седницата на која овој закон беше на дневен ред.

Во врска со неколку пати спомнувањето, затоа излегов на говорница, на спотот “добра фризура”, тоа не е името, можеби е работен наслов, на господинот Макрадули, веројатно многу му се допаднал. Ние можеме да ги отстапиме авторските права, ако сакате прикажувајте го онаму каде сакате да го прикажувате.

Но, господине Макрадули вашиот поранешен лидер и поранешен премиер господинот Бучковски пред два дена јавно ми се извини на писмено во дневен весник за истата работа за која вие сега обвинувате. Ако спомнувате некои други сали во кои ќе треба да се одговара, можеме и за тоа да поразмислиме, мислам на оние сали со мебел во цреШова боја. Токму споменатиот за да избегне одговори во сали со цреШова боја јавно се извини, веројатно и вие ќе треба некогаш за тоа да одговарате.

Ви благодарам што ми дадовте прилика јавно да ја повикам Антикорупциската комисија да го затвори случајот. Доцнат. Имаат рок од 30 дена да се изјаснат. Значи, ги повикувам да го затворат тој случај и за јавна набавка од 3000 евра која е спроведена според законот за јавни набавки. Ако тоа не го направат во следните неколку дена, јас писмено тоа ќе го побарам и повторно јавно ќе ја повикувам Антикорупциската комисија да се изјасни за таа ваша подавка. Не е точно дека спотот престанал да се емитува заради некоја ваша интервенција. Толку беше предвидено, толку имаше пари и толку музика за таа намена. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Контра реплика од една минута, не барате.

Тогаш господинот Марјанчо Николов има збор, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Навистина зачудува инсистирањето и потребата во кратко време два пати да разгледуваме една иста материја, сега се работи за измени и дополнувања на Законот за јавни набавки, а во понеделник веќе имаме нов Предлог за донесување на закон за јавни набавки. Ако го земеме временскиот период во кој овие измени и дополнувања треба да важат, се сведува на еден период од 6 месеци или половина година.

Сега навистина се поставува прашањето што е толку битно и итно зошто толку се брза овие измени и дополнувања да се донесат.

Прво, овие измени и дополнувања ни беа предложени да ги донесеме по итна постапка, меѓутоа, поради реакциите на повеќето пратенички групи, беше повлечен овој Предлог за измени и дополнувања и дојде во процедура да се донесе по скратена постапка.

Навистина, кога ги добивме новите материјали за седниците во понеделник, зачудува што таму веќе има изготвено Предлог на закон.

Но, ако малку сакаме да ги анализираме работите и зошто е потребата од ваква брза постапка за донесување на овој закон за измени и дополнувања на Законот за јавни набавки, јас би кажал една своја теорија и мислам дека нема да биде далеку од вистината.

На оваа седница веќе разгледувавме неколку закони со кои Владата им наметна нови давачки на граѓаните, на стопанственициите, на жителите на руралните подрачја не сакајќи да се откаже од делот од Буџетот кој го прибира по основ на ДДВ односно да им обезбеди повеќе средства на општините преку одделување повисок процент од ДДВ.

Значи, Владата љубоморно си ги чуваше своите извори на приходи и кога ќе дојде ребалансот на Буџетот веројатно министерот ќе ни објаснува како е исклучително добро полнењето на Буџетот, дека овој буџет е најголем до сега во Република Македонија кој се носи во нормални услови, но од друга страна критиките за реализација на Буџетот во најголем дел се во делот на капиталните расходи. Знаеме дека само 13% во просек капиталните расходи се реализирани во изминатите 6 месеци во Република Македонија.

Објаснувањата што ги даваше Владата тогаш дека се доцнело поради роковите или постапките, навистина ако некој подолго ги следи работите, ќе сфати дека не држат, туку се класична манипулација со јавноста.

Кога го донесувавме Буџетот за 2007 година, министерот тогаш се фалеше дека ова е прв пат во Република Македонија да се донесе буџет пред почетокот на календарската година односно да не се оди на временско финансирање и тоа во изборна година. Тоа беше направено. Значи, буџетот се донесе кон крајот на месец декември. Сега, кога ќе се земе дека постапката за донесувањето на Буџетот е во редовен рок завршена и кога фактички наредната година им продолжува без потреба од времено финансирање и лимитите на расходите се ограничени врз основа од претходната година, значи, сите буџетски корисници, вклучувајќи ја и Владата, имаат чист простор од една година да си ги планираат јавните набавки. Објаснувањето дека се доцни со капиталните инвестиции затоа што роковите или процедурите биле долги не дека не држи, туку повторно ќе кажам е класична манипулација и укажува на неспособноста на Владата да ги менаџира проектите кои се однесуваат на реализација на капиталните инвестиции.

Сега, по тие закони од кои Владата не се откажува од своите приходи, а од друга страна има полн буџет, се предлага измени и дополнување на Законот за јавни набавки кои во најголем дел треба и мора да го контролираат трошењето на јавните пари и во него се предлагаат неколку измени и дополнувања со кои одредени постапки буквално се либерализираат и се дава можност на корисниците на буџетските средства да прават што сакаат и да вршат јавни набавки како сакаат и како им одговара во најголем дел, веројатно на нивни партиски фирми кои им останале должни за време на кампањата.

Затоа сметам дека инсистирањето на итна постапка околу донесувањето на овие измени и дополнувања на Законот е токму од тие причини да може Владата и другите буџетски корисници кои се под нејзина контрола да можат полесно да ги трошат средствата, да се намали контролата на трошењето на овие средства и постапките да ги извршат онака како што сакаат дури во одредени ситуации веројатно прифаќајќи понуди кои можеби нема да бидат најповолни.

Јас ќе се обидам овие свои тврдења да ги поткрепам со дискусиите околу измените во законот кои се предлагаат и ќе се обидам јасно да укажам на тоа дека навистина овој закон дава простор да се врши класичност во употреба на парите на граѓаните преку изменувањето на одредени постапки, а исто така и со воведувањето на новата постапка или фаза во јавните набавки електронските аукции.

Тука беше кажано дека не држи објаснувањето дека овој закон е услов за усогласување на законодавството со Европска унија, бидејќи она што се бара од Европска унија е да се воведат концесии во системот на јавните набавки и да се зајакне независноста на Бирото за јавни набавки кое навистина мора да има централна улога онака како е поставен системот во контролирањето на сите постапки. Почнувајќи од отворениот повик, од ограничениот повик, постапката со преговарање или објавување на оглас за консултански услуги.

Но, Владата со Предлогот за измени и дополнување на овој закон за јавни набавки ја намалува улогата на Бирото, значи го елиминира од одредени постапки либерализирајќи ги условите под кои можат да се вршат јавните набавки. Така на пример во членот 9 со кој се врши измена на членот 66, а кој се однесува на постапките со преговарање, Бирото за јавни набавки потполно се елиминира како контролен орган од кој мора и треба да се бара согласност до колку се одлучите за оваа постапка за спроведување на јавна набавка.

Јас би го запрашал министерот за финансии, тука е и директорката на Бирото за јавни набавки, колку, додека важи овој закон, имаат барања за набавка по основ на непосредни спогодби. Колкава е таа сума на пари и колку годишно по овој основ народните пари се трошат во систем за јавни набавки преку непосредно преговарање.

Оваа постапка во постојниот закон е предвидена да се користи во исклучителни ситуации, значи, ако два пати објавите отворен повик не менувајќи ги условите од тендерската документација, во тој случај со претходна согласност од Бирото за јавни набавки можете да преминете во систем на преговарање се со цел да го обезвредните предметот кој е потребен за вршење на дејноста.

Сега, со измените и дополнувањата, согласноста од Бирото за јавни набавки се брише. Значи, секој кој може, кој ќе цени набавувач или корисник на буџетските средства, ќе може да отвори постапка со преговарање без согласност на Бирото, значи без да се исконтролира дали претходно биле исполнети условите кои се предвидени.

Исто така, дали на кандидатите им се даваат исти информации. Ако одите во постапка со преговарање не смеете да ги менувате условите за ни еден кандидат. Тука е и прашањето како сега ќе се јават повеќе кандидати, ако претходно сте имале две фази или два јавни огласи за отворен повик, сега наеднаш постапка со преговарање со повеќе кандидати без ничија контрола. Од како ќе ги потрошите средствата, од како ќе ја извршите набавката, дали Државниот завод за ревизија ќе утврди неправилности и колку тие неправилности битно влијаеле на постапката е доцна. Парите се веќе потрошени, доцна е веќе нешто да се исправи. Се дава една можност на буџетските корисници да ги трошат јавните пари во една постапка која никој нема да ја контролира. Јас тврдма, веројатно ќе разговараме во некоја друга прилика, ќе побараме податоци, колку по донесувњето на овие измени и дополнувања на Законот за јавни набавки се зголемиле постапките со преговарање каде набавувачот ќе има неограничени можности да отпочне постапка со преговарање со кого сака и да склучи договор со кого сака, без притоа да бара можеби економска најповолна понуда или да бара најниска цена. Нема контрола на тоа. Тој ќе се повика на тоа дека можеби распишал два тендери или дека е компатибилна опремата што ја набавува со опремата што ја има, дека има технички карактеристики вакви и такви, но нема контрола на целата постапка, министре. Вие, Бирото за јавни набавки, спротивно на препораките на Европската комисија, му ги одземате надлежностите. Што сега ќе работи Бирото за јавни набавки, ќе биде статистичка канцеларија за процесите и ќе води само бројки како се вршеле јавните набавки?

Мора сериозно да размислите Бирото за јавни набавки да си ги врати своите ингеренции дури и да се зголемат. Да му дадете статус на правно лице без посебни овластувања во делот за јавните набавки.

Гледам дека и во новиот закон кој сте го предложиле, за жал, повторно истата концепција околу улогата на Бирото за јавни набавки и мислам ако има некои реакции, а веројатно ќе ги има, забелешки, најмногу ќе ви бидат токму околу улогата на Бирото за јавни набавки. Мора да им дадете статус на самостоен орган, а не орган во рамките на Министерството за финансии. Мора директорот да го бира Собранието на Република Македонија и мора да врши контрола на целокупниот систем за јавни набавки по однос на сите постапки.

Значи, вие со овие измени и дополнувања на Законот за јавни набавки постапката со преговарање како посебна постапка или во исклучителни случаеви ја либерализирате давајќи можност секој да си ја применува со одредени изигрувања на прописите со кратки измени и дополнувања како ќе цени и да ги троши државните пари според своите потреби и повтроно дозволете да го изразиме сомневањето дека во најголем случај ова се прави се со цел ваши фирми или блиски до вашата партија да добиваат што поголем број на тендери и на тој начин да им се оддолжите.

Околу постапката за прибирање за јавни понуди или за јавна набавка во која треба да биде вклучена електронската аукција како еден механизам кој треба да овозможи полиберална конкуренција односно да овозможи натпреварување помеѓу понудувачите откако веќе ќе ги достават понудите, треба да биде предвидено како посебна фаза и тука намерата е добра, тоа не можеме да го спориме, секаде каде што има можности добро е да се користат придобивките на електронската техника, но повторно правите еден сериозен пропуст во тоа што, доколку набавувачот предвиди електронска аукција во јавната набавка да не мора да врши јавно отворање на понудите.

Значи, вие повторно еден контролен механизам кој постоеше при спроведувањето на постапките со јавни набавки, го либерализирате. Како понудувачите кои ќе учествуваат во електронската аукција ќе веруваат во веродостојноста во техничката способност, во економската способност на понудувачот ако јавно не се отвораат понудите. Тој механизам во Законот е предвиден токму за тоа, да има ден кога се врши јавно отворање на понудите и секој понудувач ги гледа документите дали по сите понудувачи економски, финансиски, и технички се способни и која е нивната понуда, кои се условите, начин на плаќање, рок на испорака, дали гарантираат квалитет за цената итн. Тоа е еден основ во кој сите ги имаат основните податоци кои понатаму се релевантни да се изврши избор на најдобриот понудувач.

Вие со електронската аукција давате можност дека при користење на електронската аукција не се спроведува јавно отворање на понудите. Кој во овој случај ќе ги контролира понудувачите? Дали набавувачот во овој случај може да тврди дека секој кој учествува во електронската аукција е исправен во однос на бараната тендерска документација? Уште еден механизам кој може да придонесе до значителни злоупотреби во системот на јавните набавки.

За ова морате да го измените и да го прифатите нашиот амандман со кој се предвидува дека при спроведувњето на електронската аукција мора да има и јавно отворање на понудите, а електронска аукција а се спроведува како последна фаза.

По јавното отварање на понудите да се даде покана на понудувачите кои сакаат да учествуваат во електронската аукција, а не без јавно отварање на понудите да се учествува во електронска аукција, а другите не знаат кои услови се понудени и како се однесува.

Исто така планирате дека предмет на електронска аукција може да биде само цената, а во новиот закон предвидувате да бидат сите критериуми кои можат да се изразат квантитативно или во проценти. Сега кога вршите усогласување со европското законодавство, дали сега , дали со

новиот закон. И во директивите на Европската унија стои дека сите елементи или критериуми при јавната набавка, кои може да се квантифицираат, може да бидат предмет на електронска аукција. Зошто само цената ја ставате да биде предмет на електронска аукција, а од друга страна ограничувате да нема јавно отварање. Како понудувачите ќе знаат кој колку понудил во однос на другите критериуми, дали некој има пократок рок на испорака, дали некој понудил поповолни услови за плаќање на услугите и овде уште еден механизам во кој можат да се случат значителни манипулации при спроведувањето на ситемот за јавни набавки. Мислам дека тоа се сериозни забелешки и дека треба сериозно да размислите дали ќе инсистирате баш на овие решенија, без разлика колку и да не убедувате дека тоа е усогласување со законодавството на Европската унија. Македонија сепак е специфична земја, копјата најмногу се кршат околу трошењето на народните пари, посебно сега кога вие буџетите ги правите толку обемни и мора да постои што поригорозна контрола при трошењето на овие средства на граѓаните. Но, за жал, на мала врата воведувате можности за типична злоупотреба на системот на јавни набавки и за незаконско или нерационално трошење на народните пари.

Исто така кај системот за набавки од мала вредност, го зголемувате прагот од 3 на 5 илјади евра. Искрено може доста да се дебатира околу ова прашање, но ако тука веќе правите план на набавките од мала вредност да им го зголемите прагот на 5 илјади евра, треба да извршите и рангирање на субјектите или буџетските корисници, по нивна големина. Не може на пример некоја помала, не знам, канцеларија или буџетски корисник кој подлежи на системот за јавни набавки да му дадете 5 илјади евра да набавува без јавен оглас. Тоа што треба да се соберат три понуди, знаете како е, ќе најдете еден од кој сакате да купите и тој ќе ви најде уште двајца што ќе поднесат понуди, знаејќи однапред дека нивните понуди нема да бидат прифатени. Таа работа не е тукутака едноставна треба сериозно, 5 илјади евра, колку има да речеме буџетски корисници кои подлежат на системот на јавни набавки, ставете им на сите можност по 5 илјади евра да потрошат и ќе дојдете до една сума од повеќе милиони евра што сега ќе имаат можност да ги користат или да ги трошат без јавни набавки. Така што и ова прашање треба да се дебатира. Се надевам дека ќе понудите аргументи. Веројатно праксата на Бирото за јавни набавки можеби покажува дека е добро над 3 илјади евра, или да се зголеми прагот, но во оваа ситуација кога во извештаите на државните ревизори најмногу злоупотреби се утврдени околу јавните набавки, навистина не ја гледам причината од ваква либерализација или поедноставување, а од друга страна да имаме пракса на се понезаконско и понетранспарентно трошење на парите на граѓаните.

Околу праговите за кои што е предвидено роковите во кои треба да се спроведат постапките, значи сега воведувате еден меѓу праг од 5 илјади евра некаде до 130 илјади евра за стоки и услуги и 4 милиони евра за работи, да има пократки рокови, а за оние што се над 130 илјади евра, за стоки и услуги и 4 милиони евра за работи, предвидувате од прилика да останат постојните рокови кои важат.

Навистина не е јасно колку тоа ќе доведе до либерализација затоа што во принцип документацијата што треба да ја подготвите и да ја поднесете и за едните прагови и за другите и роковите за нивното добивање се исти. Можеби кај посложените набавки има потреба, но тоа не значи дека пак тие по вредност се поголеми, ако се посложени. Можеби сложеноста ќе произлезе од типот на предметот на набавка, што треба да се набави. Мислам дека тука многу нема да се псотигне, ќе се псотигне во забрзувањето на псотапките до под 130 илјади евра. Ако веќе Бирото за јавни набавки има согледување дека роковите се предолги, тогаш дајте за сите што се над 5 илјади евра, по вашиот предлог, таму велиме скратување на роковите. Во законот се дадени можности ако сакаат набавувачите да го пролонгираат рокот за поднесување на понуди, зависно од тоа дали ги добиле потребните информации од понудувачите. Ако навистина во тој дел сакаме да дадеме подобрување на законот, тогаш генерално да ги скратиме роковите, да не воведуваме неколку прагови. Но, мислам дека од 21 или 20 дена не може да ги скратите роковите, без разлика за која постапка се работи. Праксата покажува, за да подготвите една понуда, веројатно ќе ви потврди директораката на Бирото. 20 дена се некои минимален период што беше потребен за да подготвите тендерска документација и понуда за д аучествувате на некој тендер. Затоа мислам дека тука не држи тоа објаснување ако генерално намерата е да ги скратите роковите. Така што, со овие предлози за измени и дополнувања на Законот за јавни набавки, всушност Владата отвора една мала врата, според мене, за нерационално, нетранспарентно и неекономично трошење на парите на граѓаните. Ние и дос ега имавме неколку случаи на такво трошење на парите за што зборуваше колегата Макрадули, значи начинот на осигурување на имотот на ЕСМ преку Табак осигурување, дури и сеуште нема распишано тенде, еднаш беше распишан па поништен, сеуште незавршување на таа постапка со непсоредна спогодба. Не знам само како Бирото за јавни набавки дало согласност, или има таква согласност за таков начин на набавка. 20-те милиони евра што и ги дадовте на ТЕ-Неготино без никакви процедури и тоа е еден начин на злоупотреба на пари.

Со оовј закон отварате многу можности. Дали тоа го правите без да знаете или намерно, дозволете но мислам дека многу свесно влегувате овде во измени и дополнување под закрилата за приближување кон европското законодавство.

Вака не се врши приближување, кога немате контролен механизам, кога се оставате на Државниот завод за ревизија кој работите ги констатира отпосле, не ги констатира до додека се вршат или додека тече постапката, туку кога ќе му дојде редот на државниот орган или буџетскиот корисник, за контрола. Така што апелирам овие измени и дополнувања на законот да се повлечат, навистина да се подготви што поквалитетен закон. Постојниот Закон не беше многу лош во спроведувањето. Тој имаше слабости околу реголирањето на системот за Рамковниот договор, околу регулирањето на улогата на Бирото за јавни набавки и околу допрецизирањето на одредени услови во тендерите. Требаше да се оди само со проширување или дообјаснување на тие одредби. Но, за жал, вие се определивте за нов закон тврдејки дека тоа е препорака од Европската унија, а новиот закон навистина повеќе ќе внесе забуна отколку ќе придонесе за појасни правила на игра, при распишување на јавните набавки. Затоа, ние ќе гласаме против овој закон до колку не се пдоржат нашите амандмани. Навистина изразуваме сомневања, до колку овој закон кога ќе стапи во сила ќе настане понерационално и понееекономично трошење на парите на граѓаните. Затоа би апелирал и до колегите пратеници ако имаат воља да отвориме дебата и да ги соочиме своите ставови и на крајот навистина да направиме закон кој ќе биде во функција на рационално трошење на парите на граѓаните.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Николов.

Има збор госпоѓа Верица Филипова.

**Верица филипова:** Почитувани присутни, јас би сакала да ја почнам мојата дискусија со чудното односно нелогично добивање на предлозите на закони од Владата, чудното менаџирање на работата во Собранието.

Денес е на дневен ред точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки, со Предлог на закон. Значи многу оселива проблематика, цела наука за која сигурно ќе дебатираме подолго време, а во дневниот ред за седницата закажана за понеделник, значи седницата закажана само по 5 дена, добивме потполно различен или во голем дел различен нов закон за јавни набавки. Од една страна велите дека и овие измени и дополнувања ќе биле усогласување со Европската унија, од друга страна и новиот закон што сме го добиле билусогласен со директивите на Европската унија. Што е точното? Не може господин министре да добиваме два различни документи со едно исто образложение - усогласување со директивите на Европската унија.

Денес дебатираме за закон, измени и дополнување на Закон за јавни набавки кој, ако помине во наредните неколку дена на седниците кои се пред нас,  би стапил во сила, оптимистичкиот рок, во текот на месец јули, а би важел до 1 јануари 2008 година. Каде е грижата за потрошеното време во Собранието, потрошените пари во Собранието, каде е одговорноста и посветеноста на работата за која сте вие одговорен, како се трошат народните пари за закон кој ќе трае само 5 месеци, оптимистичка варијанта, ако не помине ќе дојде на ред ребалансот на Буџетот, па можеби закон за јавни набавки, ваков како што сте го предложиле, измени и дополнување, ќе биде дури после годишните одмори, само за да исперете некои започнати работи, неусогласени со Законот. Брзате да донесете закон кој ќе трае само 5 месеци, однапред знаете, бидејки од Нова Година стапува во сила, по доставените документи, нов закон. Веројатно сте на големи маки, веројатно набавките се вршени или ќе се вршат или се извршиле многу различно од досегашниот Закон, па сега се прави обид да се легализира некои дејствија. Зошто велам така?

Во вашето експозе господине министер се задржувате најмногу на тоа дека овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот бил главна причина воведувањето на електронските аукции. Електронските аукции беа дел и од нашата предизборна програма и од вашата предизборна програма, нешто што ќе следуваше во наредниот период, бидјеки ерата на компјутеризација е присутна, бидејки Европската унија тоа така го прави, бидејки мора и ние да се усогласиме. Меѓутоа, електронските аукции, нивното воведување се само маска за д аподметнете во овој закон уште еден член во кој ја официјализирате, легализирате директната спогодба односно она најкритикуваното од сите институции надвор од Македонија, спогодбата во 4 очи, можност за најголеми злоупотреби, можност за најголема корупција. Дека е тоа така покажува вашиот член 9 од овој закон, апсурдот на целиот закон, член 9 кој го нема ниту во табелата на усогласеност на овој закон со европското законодавство, значи тоа е нешто карактиеристично за Македонија, нешто лично наше, нешто што ви помогнува да легализирате нетранспарентни работи, зделки на штета на граѓаните на Република Македонија. Членот 9 вели дека членот 66 од стариот Закон се менува и дека постапката за јавна набавка со преговарање е исклучителна постапка и може да се примени само во ограничени случаи предвидени со овој закон и понатаму ограничените случаи нашироко ги раскажувате. Инаку ограничени случаи може да биде постапка со преговарање што секоја владина институција можела тоа да го направи.

Јас би сакала да се осврнам односно да ви прочитам еден текст, брошурата на Бирото за јавни набавки, јасно гласно, јавно демек добивте информација за јавните набавки и за сите ваши прашања.

Во уводот на оваа брошура е појаснето што се јавните набавки и демек јавните набавки претставуваат процес на користење јавни средства, значи средства на граѓаните на Република Македонија од страна на одреден јавен орган, значи Владата и останатите државни

институции заради добивање надворешни ресурси, најчесто од комерцијални понудувачи, заради набавка на материјали или изведување на работи. Со цел да се регулира ваквиот процес, а како дле од реформата на јавниот сектор и во однос на нашето идно членство во Европската унија, Македонија усвои модерен закон за јавни набавки кој беше објавен во “Службен весник на Република Македонија” 19/2004 односно тогашниот Закон стапи во сила во април 2004 година, како и измени и дополнувања на Законот за јавни набавки, објавени во “Службен весник” 109/2005 година. Цела 2004-2005-2006, до денес се работи според овие закони за јавни набавки, цела наука, комплицирана процедура, се со цел да се намали корупцијата и злоупотребата кај јавните институции.

Законот за јавни набавки ги уредува сите главни аспекти на активностите за набавки на владините јавни органи и им обезбедува механизми со кои им се овозможува остварување на најдобрата вредност за вложените пари при набавка на стоки и услуги. Кој ги дефинира главните методи на јавни набавки и фазите на нивна примена.

Меѓутоа тој не ви чинеше, бидејќи не можевте да ги дадете, да ги реализирате тендерите со фирми блиски до објавувачите на тендерите, не би сакала да шпекулирам, фирми блиски до вашата политичка партија или фирми блиски до луѓето кои се на чело на институциите што ги објавуваат тендерите. Меѓутоа, можноста за корупција при јавните набавки е максимална. Тоа вие го знаете и вие сте всушност професор на факултет, вие сте експерт по оваа област, а браните закон за кој не сум убедена дека се согласувате. Јавните набавки се област во која е лоцирана корупцијата, особено имајќи го предвид износот на јавните средства кои се одлеваат за задоволување на потребите од набавки кај набавувачите. Ако договорот се вклучува со повисока цена од реалната, двете страни имаат добивка, приватниот понудувач ги зголемува своите приходи, а набавувачот има можност дел од овој профит да задржи за себе. Вообичаено е за двете вклучени страни да сакаат да го прикријат таквото корупциско однесување и тоа на сметка на граѓаните. Дали доведувањето на Моника Маковеј е само маска за ова што се случуваше и што ќе се случува во оваа Влада. Притоа, треба да се истакне дека корупцијата во јавните набавки не донесува само загуба во пари, туку влијае да се набавуваат стоки, услуги и работи кои со своите карактеристики, квалитет и рокови на испорака не одговараат на потребите на набавувачот, а често се случува да се испорача само дел од договореното или испораката да изостане во целост. Последиците од неадекватните набавки двојне негативно се одразуваат на работата на државниот апарат и јавните претпријатија. Имено, трошоците на нивното функционирање се зголемуваат со тоа што квалитетот на услугите кои се пружаат на граѓаните е послаб од потенцијалниот, што во крајна линија паѓа на товар на граѓаните. Со оглед на тоа што овие институции се финансираат со нивни пари, а истовремено граѓаните се и корисници на нивните услуги. Заради тоа, неопходна е јавна дискусија за корупцијата во јавните набавки, со цел да се прекине практиката на молчење, како и да се промени свеста и перцепцијата која постои во јавноста. Со транспарентен, правичен и ефикасен систем на јавните набавки се овозможува корупцијата да се лоцира и елиминира. Јавна дискусија за корупцијата во јавните набавки, оние што следат што се случува во Република Македонија, знаат дека имаше. Знаат дека многу негативно за работењето на оваа Влада се изразија сите учесници во тие јавни дебати. Така на пример, во текот на мај Центарот на граѓански комуникации одржа трибина со еминентни личности професори, доајени во оваа област на која се разгледуваше корупцијата во јавните набавки и беа донесени предлог мерки за намалување на истата. Исто така беше закажано дека поради високото присуство на корупцијата во јавните набавки, има донесено низа предлог мерки што треба да се преземат за намалување на корупцијата. Во овие низа предлог мерки 40-тина на број баш тоа е мотивот и главната поента дека треба да се воведе задолжителна и зајакната контрола врз спроведувањето на договорите за јавните набавки, дека треба на минимум да се сведе директната спогодба како механизам за можност за поголема корупција, а вие овие измени и дополнувања на законот за јавни набавки токму ја либерализирате, ја озваничувате директната спогодба, договарањето во 4 очи на повеќе области. Токму во овој закон кој денес се дискутира ќе се нуди можност за поголема корупција.

Јас би сакала да ве потсетам што зборувавте и што напишавте во вашата Програма од 100 чекори за корупцијата и за јавните набавки. Во Главата 7 - Добро владеење и борба против корупцијата, ветивте дека Република Македонија ќе има една нова поинаква Влада. Пишувавте дека Владата ќе спроведе силна медиумска кампања за борба против корупцијата и дека првиот документ кој ќе го усвои Владата на ВМРО-ДПМНЕ на првиот ден од нашиот мандат ќе биде акт со одговорност на Владата. Едно ветивте, друго правите, господин министер. Каква одговорност на Владата, каков прв ден каква нулта толеранција на корупцијата кога ни донесувате на усвојување ваков закон, кога знаеме што се случува во сите владини институции. Јас не би сакала да повторувам што стана со 20 милиони евра директна спогодба за ТЕЦ Неготино. Што стана со директните спогодби за осигурување меѓу ВМРО-та фирма Табак осигурување и ЕЛЕМ и МЕПСО. Милион евра, два милиони евра, три милиони евра се склучени директно. Колегите, не би сакала да повторувам, со Самитот во Охрид итн. Меѓутоа, би сакала да ве потсетам на уште нешто од вашите портокалови ветувања во “100 чекори”. Ветувате дека ќе воведете намалување на дискреционите права и утврдување легални рамки за регулирање

конфликт на интереси, ветувате дека целосна транспарентност во процесот на јавните набавки преку елктронско објавување на конкурсот, имињата на фирмите, победници, жалби и решенија, а предлагате легализација и поголема можност за договарање во 4 очи, со овои фамозни промени на членот 66 или новиот член 9 од измените и дополнувањата на Законот за јавни набавки. За само 4 до 5 месеци сакате да легализирате се она што во овој период од 9, 10 или 11 месеци од вашата Влада е правено а не е легализирано. Друго образложение зошто да се донесува закон за 4 или 5 месеци, нема, нема ништо друго реално, освен легализација на незаконски постапки, легализација на корупциски договори и скандали.

Би сакала да потсетам и на тоа дека секојдневно нашите весници се полни со натписи околу местењето на тендерите. Еве го написот во весникот "Време" од 5 јули 2007 година. Ќе прочитам заради информирање на граѓаните што пишува: "Еленовски ги менува комисиите за јавни набавки како чорапи. Го мести ли Министерството за одбрана тендерот за нафтени деривати. Зошто министерот за одбрана во последен момент на денот на отворањето на понудите го сменил составот на Комисијата за јавни набавки е нејасно и за неговите најблиски соработници".

Втор циркус кој се случува, токму така е насловот и ова е весник, Утрински весник од 1 јуни 2007 година. "Продолжува циркусот со тендерот за лекови". Второстепената комисија ги прифатила жалбите на доставувачите. И понатаму продолжува "Циркусот со меѓународниот тендер за лекови продолжува". "Фондот за здравствено осигурување е во фаза на распишување на нов јавен повик, а Второстепената комисија на Владата пред два дена ги уважила жалбите на производителите и веледрогериите што отпаднаа од претквалификационата фаза на тендерот, кој Фондот за здравствено осигурување веќе го поништи". Решенијата, како што официјално дознаваме веќе им се испратени на поголемиот дел од поставувачите, кои реагираа до Второстепената комисија. Покрај тоа што се прифатени жалбите, Второстепената комисија според неофицијални извори ги информирала дисквалификуваните фирми дека одлуката со која се поништува тендерот, се поништува. Што значи тоа? Циркуси, местење тендери и незнаење како да се работи и како работата да се изведе до крај. И, сега, ајде пратениците ќе изгласаат закон со кој легализира местењето на тендерите и давањето на парите на граѓаните на ваши блиски фирми, а за корупција само можеме да претпоставиме. Инаку, на кој начин и зошто би се давале тендерите нереално.

Сега, би сакала уште нешто да покажам што се случува постојано, перманентно во уште едно друго претпријатие во сопственост на Владата односно во Акционерското друшто за производство на електрична енергија "Електрани на Македонија" во државна сопственост - Скопје. Тоа е истата онаа фирма ЕЛЕМ во која генералниот директор за само 5 месеци потроши 500 илјади евра пари на граѓаните за спонзорство и реклами, фирма чиј директор го рекламираше, замислете дефицитарниот производ на Балканот, ја рекламираше електричната енергија или ја рекламираше струјата. Каков апсурд, производ кој оди како алва и кој го нема, а тој потрошил 500 илјади евра за да се рекламира. Рекламирање значи подобро продавање, рекламирање значи наоѓање на купувачи, рекламирање нема потреба да вршат фирми кои произведуваат стока, електрична енергија дефицитарна на пазарот, а уште помалку за рекламирање да потроши 500 илјади евра. Меѓутоа, парите не биле од неговиот џеб, парите не биле од неговата приватна фирма, парите биле од државата и многу лесно се трошат такви пари.

Пред изборите 2006 година бевте многу гласни токму вие во критикувањето на корупцијата, во критикувањето на состојбите во Македонија. Само по неколку месеци вашата Влада да прави циркуси на ова поле, за по само неколку месеци да заборавите што зборувавте, па уште и така бесрамно да кажам да давате токму на вашите колеги пратеници ни криви ни должни, да ви легализираат закон кој ќе важи 4 месеци. Да легализираат закон, да донесат закон со кој ќе се легализираат коруптивните зделки на вашите органи. Ова е од веб страната за Министерството за економија на Бирото за јавни набавки извадени повиците односно тендерите отворени повици за набавка на материјали на ЕЛЕМ. Случајно овие извадените се однесуваат за РЕК Осломеј. И замислете, на иста страна има 6 повици за набавка на резервни делови на турбина, резервни делови за котел, резервни делови за доприма на јаглен итн и сите се објавуваат по втор пат. Значи, првиот пат тендерот бил неуспешен. Првиот пат на тендерот добила фирма која не е по мерак, по желба, по волја на луѓето кои одлучувале и сега по втор пат, по трет пат, по десетти пат и на крај директна спогоба, договање во 4 очи за да може да се легализира нешто што не е во ред.

Јас би сакала да ги прочитам препораките за преземање мерки за стеснување на просторот на корупција во јавните набавки донесени од Центарот за граѓански комуникации заради јавност, заради сознание на нашите граѓани.

Гледам реплики, влегоа сите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа веројатно не ви одговара сегашната слика во портокаловата Македонија. Веројатано, вие ни криви ни должни, можеби немате врска со корупциите кои се случуваат во оваа Влада, меѓутоа токму овој закон кој ќе важи 3-4 месеци, го потврдува делото. Препораките за превземање мерки за стеснување на просторот за корупција за јавни набавки, Центарот за граѓански комуникации од Скопје преку серија на активности што се спроведуваат во периодот 2005-2007 година дефинираше низа мерки што треба да се преземат за стеснување на просторот за корупција во јавните набавки во Република Македонија. Центарот им препорачува на сите релевантни институции во земјава да ги преземат

предложените мерки во насока на генералните заложби за намалување на корупцијата во Република Македонија. Потребата од превземање на предложените мерки произлегува од констатираното високо присуство на корупција во јавните набавки, со што се злоупотребуваа пари на граѓаните и се нарушува конкуренцијата на пазарот. До предложените мерки Центарот дојде преку следните активности. Длабочинско истражување на формите, начините и чинителите на корупцијата во јавните набавки. Прибирање мислења и наменски експертизи на домашни стручњаци за мерките што треба да се преземат за намалување на корупцијата. Консултирање на мислењата на јавни, домашни и приватни институции и организации. Потоа, Биро за јавни набавки, Државна комисија за спречување на корупцијата, Државен завод за ревизија, Стопанска комора на Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија и други. Земање предвид на решенијата и најдобрите практики што се спроведуваат во другите земји од регионот, Европската унија и светот. Земање предвид на препораките од меѓународните институции и организации, ОЕЦД, Центар за трговска организација и слично, за начините за намалување на корупцијата во јавните набавки. Организирање завршна работилница со засегнатите страни за финализирање и приоретизирање на мерките и адаптирање и конкретизирање на мерките.

Понатаму, ќе ви ги прочитам и сите мерки кои ги предлагаат за стеснување на просторот за корупција во јавните набавки.

Прво, Второстепената комисија која одлучува по жалбите за јавните набавки да стане самостојна и независна институција од Владата. Впрочем, во новиот закон и во стариот, во овие дополнувања СДСМ или група наши пратеници имаме амандман за независност на Второстепената комисија. Членовите на Второстепената комисија да ги именува Собранието на Република Македонија. За овие дополнувања на законот амандмански предложивме Собранието да ги именува во новиот закон така е ставено. Сите членови на Второстепената комисија да имаат мандат од 5 години или пак дел од членовите да имаат мандат од 5 години, а дел од 3 години.

Второстепената комисија да одлучува во присуство на претставници од бизнис заедницата и невладиниот сектор.

Воведување обврска за второстепената комисија детално да ги образложува своите одлуки.

Бирото за јавни набавки наместо орган во состав на Министерството за финансии да се трансформира во самостојно правно лице, агенција, под ингеренции на Владата на Република Македонија.

Директорот на Бирото за јавни набавки да го именува Собранието на Република Македонија од редот на кандидати кои ќе се пријават на јавен оглас, а во присуство на претставници од невладиниот сектор, бизнис заедницата и медиумите.

Мандатот на директорот на Бирото за јавни набавки да изнесува пет години.

Да се воведат антикорупциски правила и одредби во Законот за јавни набавки.

Да се сведат на минимум и да се допрецизираат условите под кои може да се спроведе набавка со преговарање, без претходно објавување на јавен оглас.

Токму ова во овие дополнувања на Законот се крши. Наместо да се сведат на минимум, се сведуваат на максимум или на оптимум, колку што ви е вам потребно.

Да се воведе обврска за задолжителна евалуација на јавните набавки спроведени по пат на преговарање. Ова до сега го немаме видено. Евалуација на јавните набавки спроведени по пат на преговарање. Не го предвидувате ни во законот.

Да се воведе задолжителен независен мониторинг врз јавните набавки од голема вредност, набавките во кои исти понудувачи последователно се бираат за најповолни кога се нуди нереално ниска цена во однос на пазарната, или профинетата и кога постои сомневање за меѓусебно спогодување на понудувачите.

Да се воспостави систем за заштита на лица сведоци кои пријавуваат корупција. Број постои, меѓутоа, дали е само фарса или реално се пријавува корупција само од членови кои се не од вашата владеачка позиција, овде вие треба да кажете или вашите колеги.

Да се зголемат казните за непочитување на обврската за задолжително доставување на податоците до Единствениот регистер за јавни набавки.

Да се прецизираат правилно, да се одредуваат критериумите за избор на најповолна понуда.

Јас се извинувам, можеби на некои од колегите не им е интересно, меѓутоа, ценам дека проблематиката е толку битна и осетлива и би сакала да довршам.

Да се прецизираат и правилно да се одредуваат критериумите за избор на најповолна понуда.

Да се прошири правото на жалба во текот на целата постапка на јавната набавка, а не само во последната фаза на одлука за избор на најповолен понудувач.

Да се продолжи рокот за поднесување на жалба по одлука на комисиите за јавни набавки.

Да се овозможи поднесување на жалба до една година за склучување на договорот за јавна набавка.

Да се воведе задолжителна и зајакната контрола врз спроведувањето на договорите за јавни набавки.

Да се овозможи целосен увид во склучените договори за јавни набавки.

Ние баравме од ЕЛЕМ и МЕПСО да ни овозможат увид во Договорот за јавни набавки за осигурување на фирмата со Табак - осигурување, но добивме одговор на нашето пратеничко прашање, строго доверливо, во кое имаше само текстуално опишано што содржи.

Кконкретниот договор не успеавме да го добиеме, се надевам дека дополнително ќе биде доставен, во што не верувам.

Да се овозможи јавен увид во спроведување на договорите за јавни набавки.

Да се прецизираат критериумите за квалитетот при јавните набавки.

Да се зајакнат критериумите во поглед на техничките стандарди што треба да ги поседуваат фирмите понудувачи.

Да се воведе механизам . . .

(Веќе е 18,оо часот)

Дали може да завршам уште пет минути потпретседателе?

**Бесим Догани:** Во ред госпоѓо Филипова, ако завршувате три до пет минути, во ред. Ако не, тогаш да оставиме за утре иако интересот на пратениците е голем.

**Верица Филипова:** Тогаш да продолжам утре. Благодарам.

**Бесим Догани:** За утре, во ред.

Тогаш, тука ја прекинувам денешната седница, утре во 11,оо часот продолжуваме со денешната 45-та седница.

По нејзиното завршување, продолжуваме со 53-та седница.

Ви благодарам.

(Реакција од министерот за финансии)

Се извинувам колеги, бидејќи еве и министерот има средба со костите од Австрија, тогаш почетокот на седницата ќе го оставиме за 12,оо часот, наместо во 11,оо часот.

Ви благодарам.

(Седницата прекина со работа во 18,01 часот)